Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 27 февруари 2007 година.

Бр. 07-960/1
27 февруари 2007 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004 и 113/2005), во членот 51 став (6) по точката е) се додава нова точка ж), која гласи:

"ж) ако во рок од два последователни квартали Агенцијата покажува негативни финансиски резултати во работењето."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".